РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2257/1
22-06-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), членот 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 33-та седница, на ден 11.06.2026 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-2974/1 од 14.11.2025 година, против лицето -------------------, судија во Основен суд ---------- со наводи за сомневање за злоупотреба на службената положба и сторени коруптивни дејствија при постапување по предмет во кривична постапка, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај, од причина што предметните наводи и пријавените дејствија не се во надлежност на нејзино постапување и за истите друг орган е надлежен да постапува.

Пријавата ќе се достави на надлежно постапување на Судски совет на РСМ.

Предметот со број 12-2974/1 од 14.11.2025 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 14.11.2025 година, поднесена е пријава, по која е оформен предмет број 12-2974/1 од 14.11.2025 година. Во доставената пријава изнесени се наводи против лицето --------- --------------, судија во Основен суд -------------- за сомневање за злоупотреба на службената положба како и сторени коруптивни дејствија во судски процес воден по кривичен предмет број К.бр.-------/--, оформен по пријава за кривично дело „Киднапирање“.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Подносителот на пријавата известува дека главната расправа за наведениот кривичниот предмет била одржана на ден 06.10.2025 година и за истиот била донесена сомнителна пресуда која била во корист на обвинетите лица. Воедно, се наведува и дека целиот судски процес бил сомнителен поради нееднаквото постапување кон странките, неприфаќањето на приложениот доказен материјал, кој требало да се земе во предвид при спроведувањето на судската постапка и при донесувањето на судската пресуда, како и поради намерно одолговлекување на кривичната постапка.
Незадоволен од постапувањето на судијата кој ја водел кривичната постапка по наведениот судски предмет, подносителот бара ДКСК да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности.

По разгледување на доставената пријава ДКСК констатира дека предметните наводи и пријавените дејствија не се во нејзина надлежност на постапување и за истите друг орган е надлежен да постапува па оттаму доставената пријава ќе се достави на надлежно постапување на Судски совет на РСМ.

Врз основа на наведеното, ДКСК оцени дека нема елементи за надлежно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил: П.Б., Советник
Контролирал:Ј.Ц., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: m-r S.D. -член/anëtar

Доставено до: Подносителот на пријавата